ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ),член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на ден __06.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, Општина Велес и формирање на нови градежни парцели ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 со намена Г2 - лесна индустрија и пристапен пат, КО Велес, Општина Веле

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, Општина Велес и формирање на нови градежни парцели ГП 7.3 и ГП 7.4 со намена Г2 - лесна индустрија и пристапен пат, КО Велес, Општина Велесо опфат со вкупна површина од 5135 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување наУрбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, Општина Велес и формирање на нови градежни парцели ГП 7.3 и ГП 7.4 со намена Г2 - лесна индустрија и пристапен пат, КО Велес, Општина Велес, изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, со тех бр 316/25 од Јуни 2026 година, ревидиран од „Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ Јорго ДООЕЛ увоз-извоз, со тех.бр. 09-09/60 од 06.2026.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, Општина Велес и формирање на нови градежни парцели ГП 7.3 и ГП 7.4 со намена Г2 - лесна индустрија и пристапен пат, КО Велес, Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, Општина Велес и формирање на нови градежни парцели со намена Г2 - Лесна индустрија, на дел од КП 1280/1, дел од КП 1277/1, КП 1279/1, КП 1277/2 и КП 1277/4, КО Велес, Општина Велес, со кој треба да се направи препарцелација на веќе формирани градежни парцели ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, и притоа да се поместат границите помеѓу градежните парцели и да се формираат исто три градежни парцели,а притоа да не се нарушат максималните дадени параметри согласно Изводот од план.
Заради потребите на инвеститорите, од проектниот опфат на ГП 7.3, ГП 7.4 и ГП 7.5 од ДУП за дел од УЕ1, УБ2, УБ7 и УБ9, Велес, се прави формирање на три нови градежни парцели и нивна препарцелизација, и се планираат по две површина за градба за секоја од дадените ГП, а притоа максимално дозволените урбанистички параметри од важечкиот извод од план мора да се почитуваат.
Изработката на урбанистичкиот проект со план за парцелација е со меѓусебна согласност од сопствениците на трите градежни парцели на кои се врши препарцелација.

